# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


| Службен гласник на Општина Ресен Излегува по потреба | Понеделник, 03.05.2010 година Бр.6 год. 45 Р е с е н | Уредува Стручна служба Тел. 047/551-903 |
|---|---|---|


## АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**57.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 38 од Статутот на општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„4/02) донесувам

ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за квартал еден.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за квартал еден, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Бр. 08- 899/1
03.05.2010 год.
Ресен

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р.

Врз основа на член 50 од Статутот на Општина Ресен, Советот на општината Ресен на седницата одржана на 30.04.2010 година, откако го разгледа Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за квартал еден, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за квартал еден .

С О В Е Т   Н А   О П Ш Т И Н А   Р Е С Е Н

Бр. 07-840/3
30.04.2010 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемед Мурати с.р.

**58.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 38 од Статутот на општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„4/02) донесувам

ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ресен за 2010 година.

Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ресен за 2010 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Бр. 08-899 /2
03.05.2010 год.
Ресен

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 21 од статутот на Општина Ресен( Службен гласник на општина Ресен бр. 4/2002), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.04.2010 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Ресен за 2010 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во буџетот на општина Ресен за 2010 година и тоа на следниот начин:

| | **Потпрограма<br>Потставка** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N 10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци. | 0 | 0 | 0 | -3.000 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 404150 | Други надоместоци | 0 | 0 | 0 | -27.000 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| **N 20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци. | 0 | 0 | 0 | -3.000 | 0 |
| 404150 | Други надоместоци | 0 | 0 | 0 | -27.000 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2010 година а ќе се објави во Службен гласник на општина Ресен.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр. 07-840/4
30.04.2010 год.
Ресен

Претседател,
Мемед Мурати с.р.

**59.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 38 од Статутот на општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„4/02) донесувам

ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Ресен – Зона 1.

Се прогласува Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Ресен – Зона 1, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Бр. 08- 899/3
03.05.2010 год.
Ресен

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р.

Врз основа на и член 26 став 5 алинеја , од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07 и 91/09) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ресен(„Службен гласник на Општина Ресен" бр. 04/02 ),Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 30.04.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Ресен - Зона 1**

**Член 1**

Се донесува Одлука за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Ресен - Зона 1, Планираниот простор за индустрија се изменува и дополнува со намена Е-инфраструктура,Е-2 комунална суперструктура по добиена Согласност бр.16-2641/2 од 12.04.2010 на Министерството за транспорт и врски.

**Член2**

Границите на опфатот на измените и дополнувањето се:

- север - планиран крак на магистрална улица 29 Ноември,
- исток- граница на ГУП и граница на Зона 1
- југ- ново планирана сервисна улица
- запад - корито на Голема Река

Вкупната површина на опфатот изнесува 23,5 ха.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр. 07-840 /5
30.04.2010 год.
Ресен

Претседател,
Мемед Мурати с.р.

**60.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 38 од Статутот на општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„4/02) донесувам

ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Одлуката за Нацрт на Детален урбанистички план измена и дополнување на дел од УЕ-3 Ресен блок 1 и 2.

Се прогласува Одлуката за Нацрт на Детален урбанистички план измена и дополнување на дел од УЕ-3 Ресен блок 1 и 2, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Бр. 08-899 /4
03.05.2010 год.
Ресен

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р.

Врз основа на член2, 7 ст. 2 член 22 ст. 1 и член 26 став 5 алинеа 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ„ бр.51/05Д37/07 и 91/09) И член 21 ст. 1 точка 7 од Статутот на Општината Ресен („Сл. Гласник на општина Ресен,, бр. 4/02) Советот на општина Ресен, на седницата одржана на ден 30.04.2010 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на Нацрт на Детален урбанистички план измена и дополнување на дел од УЕ-3 Ресен блок 1 и 2**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план - измена и дополнување на дел од УЕ-3 Ресен блок 1 и 2.

**Член2**

Границите на опфатот се:

Север: граница на кп. Бр. 2734, осовина на новопланирана улица 1, граница на кп.бр. 2716, кп. 2715/1, кп.бр.2675, кп.бр. 2669., кп.бр.2666, кп.бр.2664 и границата на ГУП

Исток- Голема река
Југ - осовина на ул.„Наум Веслиевски,
Запад - осовина на ул.„Мите Трајчевски,, граница на кп.бр. 2734
Во вкупна површина од 7,65 ха во КО Ресен.

**Член 3**

Финансирањето на изработката и донесување на Планот ќе биде од средства од Буџетот на Општината Ресен.

**Член4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Ресен.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.07- 840 /6 — Претседател,
30.04.2010 год. — Мемед Мурати с.р.
Ресен

**61.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 38 од Статутот на општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„4/02) донесувам

ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Измената и дополнувањето на годишната програма за работа на ОУ„Мите Богоевски“- Ресен за учебната 2009/10 година.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Измената и дополнувањето на годишната програма за работа на ОУ„Мите Богоевски“- Ресен за учебната 2009/10 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Бр. 08-899 /5 — Градоначалник
03.05.2010 год. — на Општина Ресен
Ресен — Михаил Волкановски с.р.

Врз основа на член 50 од Статутот на Општина Ресен, Советот на општината Ресен на седницата одржана на 30.04.2010 година, откако ја разгледа Измената и дополнувањето на годишната програма за работа на ОУ „Мите Богоевски“ – Ресен за учебната 2009/10 , го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Измената и дополнувањето на годишната програма за работа на ОУ „Мите Богоевски“ – Ресен за учебната 2009/10.

С О В Е Т   Н А   О П Ш Т И Н А   Р Е С Е Н

Бр. 07-840/7
30.04.2010 год.
Р е с е н

Претседател,
Мемед Мурати с.р.

**62.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ„бр.5/02) а во врска со член 38 од Статутот на општината Ресен („Службен гласник на Општина Ресен„4/02) донесувам

ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Одлуката за Изменување и дополнување на Одлуката за формирање на комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

Се прогласува Одлуката за Изменување и дополнување на Одлуката за формирање на комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Бр. 08-899 /6
03.05.2010 год.
Ресен

Градоначалник
на Општина Ресен
Михаил Волкановски с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02),член 21 став1 алинеја 38 од Статутот на Општина Ресен(„Службен гласник на Општина Ресен",бр.4/02) и член 5 став 2 од Законот за даноците на имот(„Службен весник на РМ",бр.61/04),Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 30.04.2010 година донесе

# О Д Л У К А

## За Измена и дополнување на одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

### Член2

Членот 2 се менува и гласи:

Комисијата е составена од претседател,заменик, 2 члена и нивни заменици.

### Член 3

Градоначалникот на Општина Ресен со посебно решение ќе ги именува претседателот, заменикот ,членовите и нивните заменици.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр. 07-840/8
30.04.2010 год.
Ресен

Претседател,
Мемед Мурати с.р.

**СОДРЖИНА :**

**57.** Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за квартал еден......................**287**

**58.** Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ресен за 2010 година..................................................**288**

**59.** Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Ресен – Зона 1..........................................................................**289**

**60.** Одлука за Нацрт на Деталeн урбанистички план измена и дополнување на дел од УЕ-3 Ресен блок 1 и 2...........................**291**

**61.** Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на измената и дополнувањето на годишната програма за работа на ОУ„Мите Богоевски“- Ресен за учебната 2009/10 година..........................................................................**292**

**62.** Одлука за Изменување и дополнување на Одлуката за формирање на комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот..........................................................................**293**